ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-135/1
24.03. 20 23 год.
Струмица

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

## ЗА 2022 година

Врз основа на член 22 став 2, член 30 став 1 алинеја 6, член 32,и член 65 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ, бр.24/2021), Центарот за развој на планскиот регион подготви, а Советот за развој на планскиот регион го усвои следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026 ЗА 2022 ГОДИНА

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион го опфаќа периодот јануари-декември 2022 година.

## РЕЗИМЕ

(Резимето содржи кус и синтетизиран приказ на најважните информации и клучнитепостигања во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион во извештајната година. Тука се дава и општа оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови. Обемот на резимето е најмногу една страница.)


Во почетокот на 2021 година се усвои Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за новиот програмски период 2021 – 2026 година со следнава визија:

„Југоисточниот регион во 2026 година е економски динамичен и конкурентен регион, препознатлив по атрактивната туристичка понуда, земјоделските производи и храна, грижа за животната средина, социјалната сигурност и квалитетното живеење воурбаните и руралните средини“

Во насока на остварување на оваа Визија, а согласно аналитичкиот преглед на сите проекти и активности наведени во извештајот, може да се утврди дека на регионално ниво реализирани се вкупно 51 проекти за реализација на Програмата за развој и тоа во најголем број во Стратешка цел 2- 29 проекти.

Центарот за развој на ЈИПР како транспарентна институција навремено ги информираше граѓаните во регионот и пошироко за својата работа, за секоја реализирана активност, состанок, настан од било каков тип, признание, јавен повик, нов проект, извештај, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на регионот. Сите информации редовно ги објавува на своите интернет страни и социјални медиуми со кои располага. Во текот на 2022 година објавени се 67 соопштенија за јавност, одржани 8 прес конференции, објавени се 37 објави од страна на медиумите, регионални и национални, 17 изјави за медиумите, 1 телевизиско гостување, 3 радио гостувања, 2 интервјуа и 23 објави на социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Youtube).

Со цел да го слушне мислењето на граѓаните од различни категории, Центарот веќе неколку години по ред организира Регионални форуми на заедницата како алатка за идентификување и приоритизирање на регионални проекти. Во 2022 година се започна со имплементација на 3 (три) проекти кои произлегоа од одржаниот форумски процес во 2022 година. Бидејќи ваквата пракса се покажа како позитивна, Центарот ќе

продолжи со спроведување на форумски процеси и на тој начин ќе обезбеди партиципативност во своето работење.

Во текот на 2022 година се спроведоа доста активности поврзани со социјалната инклузија. Како Регионална канцеларија за социјално претприемништво во Југоисточниот плански регион беше извршено мапирање на социјалните претпријатија и беше создадена дата база. Исто така за промовирање на работата на овие претпријатија беше одржан втор саем во Струмица каде околу 20 потенцијални социјални претпријатија и невладини организации ги изложија своите производи и ги запознаа посетителите со своите активности. Во текот на целата години беа одржани бројни обуки и работилници за потенцијалните социјални претпријатија и тоа од повеќе области како што се јавни набавки, подготовка на апликации, пополнување на прашалници и друго.

Чистата животна средина и заштитата на природните ресурси се значаен предуслов за развој на Југоисточниот плански регион. Чистата животна средина влијае кон подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето, така што општините од овој регион своите активности треба да ги насочуваат кон заштита и унапредување на животната средина. Во процесот на имплементацијата на проектните активности секогаш се внимава да нема негативни влијанија врз животната средина. При изведувањето на проектот „Туризмот - иднината на регионот“ при изградбата на трим патеката особено се внимаваше на заштита на речното корито на реката Струмица во општина Босилово со што како дополнителна документација беше извадена и посебна Дозвола од Министерството за животна средина.

До крајот на тековната 2022 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има еден директор со мандат од четири години, вкупно 5 (пет) вработени лица на неопределено време и 4 (четири) лица на определено време. Одржани беа 10 (десет) Седници на Советот за развој на Југоисточниот плански регион и 1 (една) Седница на Советот за социјална заштита во Југоисточниот регион.

Извештајот за финансиско работење на Центарот покажува позитивен финансиски резултат со вкупни приходи од 90.389.664,00 денари и вкупни расходи од 62.153.687,00 денари на основната сметка на Центарот за извештајната 2022 година.

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион се состои од наративен и табеларен дел.

## I. НАРАТИВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Наративниот дел на Годишниот извештај задолжително го содржи следново:

### 1. Листа на реализирани проекти и активности

Овој дел содржи листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратегиските цели и приоритетите утврдени во Програмата за развој на планскиот регион.

Притоа, за секој реализиран проект и активност треба да се наведе: целосниот назив, точниот период на реализација, износот на реализирани средстваи корисникот.

Горенаведеното се презентира на следниов начин:

**Стратегиска цел 1 - Развивање на претприемништвото и индустријата, поттикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна инвестициска клима**

Приоритет 1.1 - Развивање на претприемнички еко систем и поттикнување на претприемништвото со посебен фокус на жени и млади;

Мерка 1.1.1 - Зголемување на вештините и претприемничкиот капацитет во регионот со посебен фокус на на жените и младите;

- Проект „Вашите соништа сега се реални-Млади идеи нови проект

-

Мерка 1.1.2 – Зајакнување на улогата на Бизнис центарот во рамки на Центарот за развој на Југоисточен плански регион;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.1.3 - Вмрежување на организациите за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.1.4 - Основање на бизнис инкубатор за претпријатија со посебен фокус на претпријатија основани од жени и млади претприемачи;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.1.5 - Промовирање на можностите за финансирање на старт-апи и претприемништво што се нудат во рамки на меѓународни и национални фондови;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.1.6 - Следење на претприемничката активност во регионот со посебен фокус на жените и младите;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.1.7 - Развој на социјално претприемништво и стимулирање на економското јакнење на жените од ранливите групи.

- Нема реализирани активности

Приоритет 1.2 - Подобрување на конкурентноста и иновативноста на микро, мали и средни претпријатија (ММСП)

Мерка 1.2.1 - Подобрување на конкурентноста и иновативноста на ММСП преку формирање на кластери;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.2.2 - Поддршка за воспоставување на нови организации за поддршка на ММСП;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.2.3 - Поттикнување на иновативноста кај ММСП и промовирање на економија базирана врз знаење;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.2.4 - Воспоставување на мрежа на ментори за поддршка на постоечки ММСП со посебен фокус на жени-сопственици на претпријатија;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.2.5 - Поттикнување и подобрување на општествената одговорност на бизнис заедницата;

- Нема реализирани активности

Приоритет 1.3 - Развој и промоција на регионот како атрактивна туристичката дестинација

Мерка 1.3.1 - Осовременување на патната инфраструктура до туристичките локалитети и туристичка сигнализација;

- Изградба на локален пат обиколница во должина од 905 м;

Мерка 1.3.2 - Осовременување на планинарските домови и приватното сместување во регионот;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.3.3 - Поддршка за развој на нови туристички атракции, услуги и искуства;

- Изградба на пристапен пат до регионалниот стационар за бездомни кучиња
- Туризмот – иднината на регионот!

Мерка 1.3.4 - Промоција на туристичката понуда на регионот;

-Креирање на туристички идентитет на општина Гевгелија

Мерка 1.3.5 - Промовирање на туризмот како атрактивна и конкурентна дејност за вработување на жените и младите;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.3.6 - Промоција на културата и заштита на природното и културното наследство на регионот;

-Реконструкција на дом во Прдејци

- Реконструкција на дом во Прдејци - втора фаза завршни градежно-занаетчиски работи

- Реконструкција на објект на поранешна кафана Винојуг во с.Богородица градежно-занаетчиски работи

- Културното богатство - наследство за идните генерации

Мерка 1.3.7 - Категоризација и стандардизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.3.8 - Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во туристичко угостителскиот сектор.

- Нема реализирани активности

Приоритет 1.4- Создавање на поволна инвестициска клима и поттикнување на инвестициите во одделни индустрии со потенцијал

Мерка 1.4.1 - Идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.4.2 - Промовирање на паметна специјализација во индустрии со потенцијал;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.4.3 - Воспоставување на механизам за редовна соработка помеѓу локалните институции, организациите за поддршка и Центарот за развој на Југоисточниот регион со локалните бизниси;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.4.4 - Поттикнување на инвестиициte од страна на приватниот сектор во индустрии што имаат најголема продуктивност и создаваат додадена вредност;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.4.5 - Привлекување на инвестиции во ТИРЗ;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.4.6 - Поддршка на извозно ориентираните претпријатија;

- Нема реализирани активности

Приоритет 1.5 - Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата ковид-19

Мерка 1.5.1 - Идентификување на секторите кои се најмногу погодени од пандемијата ковид-19;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.5.2 - Анализа на состојбите и потребите во бизнис заедницата во периодот на пандемијата ковид-19;

- Нема реализирани активности

Мерка 1.5.3 - Искористување на програми за поддршка на секторите кои се најмногу погодени од пандемијата Ковид-19

- Нема реализирани активности

**Стратегиска цел 2 - Развивање и осовременување на инфраструктурата во Југоисточниот плански регион**

Приоритет 2.1 - Унапредување на просторното и урбанистичкото планирање на локално и регионално ниво;

Мерка 2.1.1 - Унапредување на просторното планирање;

- Нема реализирани активности

Мерка 2.1.2 - Измена и дополнување на веќе постоечките и изработка на нови урбанистички планови;

- ДУП Калково, Брајковци, Грчиште, Рабробо и Казандол ГУП Валандово

- Изработка на урбанистички планови за с.Борисово, с.Мокрино, с.Старо Коњарево во општина Ново Село; с.Босилово, с.Моноспитово, с.Дрвош и с.Бориево во општина Босилово; с.Милетково, с.Моин и с.Давидово во општина Гевгелија; с.Нов Дојран во општина Дојран; с.Дедино, с.Лубница и с.Габревци во општина Конче; с.Дамјан, с.Ињево и с.Подареш во општина Радовиш; с.Владевци, с.Ангелци – с.Градашорци во општина Василево; с.Дабиље и с.Добрејци во општина Струмица

Мерка 2.1.3 - Изработка на технички документации за локални и регионални инфраструктурни проекти;

-ЛУПД фотоволтаична централа

Мерка 2.1.4 - Воведување и изработка на подземни катастри за постоечка патна инфраструктура, комунална инстраструктура и енергетска инфраструктура

- Нема реализирани активности

Мерка 2.1.5 - Обезбедување еднаков пристап на жените и мажите до квалитетна инфраструктура( локални патишта, канализациска и електродистрибутивна мрежа

- Нема реализирани активности

## Приоритет 2.2 - Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура

Мерка 2.2.1 - Осовременување на постоечката и изградба на нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;

-Асфалтирана улица во с. Градашорци од Домот на културата кон индустриската зона;

-Реконструиран локален пат Ново Владевци – Старо Владевци;

-Асфалтирана улица покрај канал во с. Василево;

-Реконструирана улица во с. Василево од црква Пресвета Богородица до ООУ „Гоце Делчев“;

-Асфалтирана улица во с. Пиперево;

-Изградба на улица 1,2,3 и 4 во с.Конче и Изградба на дел од улица 10 и 13 во с.Долни Липовиќ;

-Изградба на улица Цветан Димов и регулација на суводолица во Пирава;

-Изградба на улица во Балинци;

-Реконструкција на улица „Лазар Колишевски“ во Валандово;

-Улица во село Босилово, улица во село Петралинци, село Сарај, с. Радово , с. Секирник, с. Турново, Изградба на одводен канал за атмосферски води во

с.Моноспитово, улица во с. Старо Балдовци;

-Изградба на улица во Индустриска зона Блокотехна;

-Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза (дел од долен и од горен строј-продолжување на работите и непредвидени работи);

-Проширување на кружен тек и паркинг со тротоари во Негорци;

-Реконструкција на улица во с.Миравци;

-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улуци за 2022; Реконструкција на улица во Ново Коњарево;

-Изградба на две сервисни улици и три фекални колектори во месност Софилар;

-Изведба на дел од улица Братство Единство, Струмица;

-Изградба на Улица бр.1 во урбан блок 36-Драгољуб Боцинов (стационажа од 0+00 до 0+256;

-Изградба на локален пат од село Дамјан до село Погулево во должина од 1927 метри

Мерка 2.2.2 - Подобрување на постоечката и поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација

- Нема реализирани активности

Мерка 2.2.4 - Воспоставување услови за подобрување на железнички сообраќај

- Нема реализирани активности

Мерка 2.2.5 - Ревитализација на полските патишта и подобрување на пристапот до земјоделските површини

- Нема реализирани активности

Мерка 2.2.6 - Подобрување на автобускиот превоз помеѓу општините во рамки на регионот

- Нема реализирани активности

## Приоритет 2.3 - Подобрување на комуналната и енергетската инфраструктура

Мерка 2.3.1 - Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдителни системи

-Изградба на пумпна станица на систем за водоснабдување во с.Габревци;

-Изградба на водоводна линија Негорци / Прдејци;

-Изградба на фекална канализација дел по улица бр.3 УБ 92;

Мерка 2.3.2 - Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за собирање и третман на отпадни води

-Доизградба на фекална канализација во с.Дедино;

-Изградба на канализација и колекторски ситем за с.Раброво;

-Изградба на фекален колектор Ф1 во месност Софилар Струмица;

-Изградба на фекален канализационен систем во Сушица;

Мерка 2.3.3 - Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување

- Нема реализирани активности

Мерка 2.3.4 - Промовирање на ЈПП за искористување на хидро-енергетскиот потенцијал преку изградба на мали хидроцентрали

- Нема реализирано активности

Мерка 2.3.5 - Изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на ЈИ регион

- Нема реализирано активности

Мерка 2.3.6. - Изградба на меѓусистемска гасна врска Петрич – Струмица

Мерка 2.3.7 - Изработка на техничка документација и приклучување на примарни и секундарни енергетски водови

- Нема реализирано активности

Мерка 2.3.8 - Подобрување на дигиталната поврзаност во регионот

- Нема реализирано активности

Мерка 2.3.9 - Воведување на паметни (смарт) решенија во општините

- Нема реализирано активности

Мерка 2.3.10 - Подобрување и заштита од елементарни непогоди

**Стратегиска цел 3 -Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот**

Приоритет 3.1 - Создавање работна сила според потребите на пазарот на труд

Мерка 3.1.1 - Утврдување на потребите на деловните субјекти за работна сила

- Нема реализирано активности

Мерка 3.1.2 - Промоција на средно стручно образование и континуирано образование на возрасни;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.1.3 - Практична работа и вклучување на учениците во граѓанскиот и бизнис секторот;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.1.4 - Зајакнување на капацитетите во општините за развој на образованието;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.1.5 - Воспоставување на економско-социјални совети во општините и на ниво на регион
- Нема реализирано активности

Приоритет 3.2 - Социјална инклузија на ранливите категории

Мерка 3.2.1 - Организирање на социјални содржини за стари лица;
- Нема реализирано активности

Мерка 3.2.2 - Вклучување на ранливите категории на пазарот на труд и поттикнување на социјално претприемништво

Мерка 3.2.3 - Поттикнување на социјално претприемништво;
- Нема реализирано активности

Мерка 3.2.4 - Социјална инклузија на семејства корисници на социјална помош;
- Нема реализирано активности

Мерка 3.2.5 - Подигнување на свеста за прифаќање и вклучување на маргинализираните групи

Приоритет 3.3 - Подобрување и модернизирање на веќе постоечка и изградба на нова образовна и социјална инфраструктура

Мерка 3.3.1 - Подобрување и модернизација на веќе посточката училишна инфраструктура и изградба на нова;
- Нема реализирани активности

Мерка 3.3.2 - Воведување на дигитални технологии и алатки во образованието и социјалните услуги;

-Дигитален скрининг на стапала и превенција на физички деформитет кај деца во градинка;

Мерка 3.3.3 – Реконструкција, модернизација и изградба на инфраструктура и отворање на нови капацитети за згрижување на деца на предучилишна возраст;
- Нема реализирани активности

Мерка 3.3.4 – Изградба на капацитети за згрижување на деца со посебни потреби;

-Изградба на инклузивно игралиште;

Мерка 3.3.5 – Подобрување на постоечките и изградба на капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица
- Нема реализирано активности

Мерка 3.3.6 – Подобрување на пристапноста до јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост во развојот;
- Нема реализирано активности

Мерка 3.3.7 – Формирање на дневни центри за ранливите категории;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.3.8 – Формирање на засолништа за жртви на родово засновано насилство

-Шелтер Центар за згрижување жени жртви на семејно насилство;

Приоритет 3.4 – Зајакнување на капацитетите за социјално заштитни активности

Мерка 3.4.1 – Формирање на мобилни сервис служби;

Мерка 3.4.2 – Обезбедување на услуги за помош и нега на стари лица, лица со попреченост и грижа за деца со посебни потреби;

-Развој на социјалните услуги: помош и нега на стари лица во домот

Мерка 3.4.3 - Развивање и јакнење на вонинституционалните форми на грижа за ранливите категории;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.4.4 – Формирање на регионален совет за социјална заштита;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.4.5 – Подготовка на регионален социјален план и општински социјални планови;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.4.6 – Зајакнување на човечките капацитети за обезбедување на социјални услуги

- Нема реализирнао активности

Приоритет 3.5 –Подобрување на здравствената состојба на населението

Мерка 3.5.1 – Опремување на објекти за примарна здравствена заштита;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.5.2 – Унапредување на примарната здравствена заштита;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.5.3 – Подобрување на здравствената заштита на ранливите категории;

- Нема реализирано активности

Мерка 3.5.4 – Здравствени придобивки преку спортски активности;

-Уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка";

-Реконструкција на отворено спортско игралиште – поставување на

повеќенаменска спортска подлога;

Мерка 3.5.5 – Заштита на населението од елементарни непогоди, штетници и инсекти;
- Нема реализирано активности

Мерка 3.5.6 – Згрижување на кучиња скитници
- Нема реализирано активности

**Стратешка цел 4 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја**

Приоритет 4.1 – Модернизација и подобрување на конкурентноста на земјоделското производство и преработувачката индустрија;

Мерка 4.1.1 – Техничко – технолошки развој и воведување на иновативни практики за одржливо земјоделското производство;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.2 – Промоција и брендирање на земјоделските производи и преработки од регионот;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.3 – Стандардизација на земјоделското производство и преработките на храна;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.4 – Поттикнување на инвестиците во земјоделското производство и преработките на храна;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.5 – Унапредување на знаењето и севкупниот човечки капитал во земјоделството;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.6 – Зајакнување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.7 – Подобрување на условите на зелените и сточните пазари;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.1.8 – Консолидација на земјоделското земјиште
- Нема реализирано активности

Приоритет 4.2 – Диверзификција на економските активности во руралните средини;

Мерка 4.2.1 – Воспоставување на програми за финансиска и нефинансиска поддршка на деловните субјекти и самовработување во руралната економија;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.2.2 – Стимулирање на иновативноста во руралната економија;
-Унапредување на Локалниот економски развој и руралниот одржлив развој во сите сегменти на меѓуопштинската соработка помеѓу општините Струмица и Василево со посебен осврт на земјоделството, низ процесот на примената на

современи дигитални алатки;

Мерка 4.2.3 – Поттикнување на развојот на руралниот туризам;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.2.4 – Стимулирање на здружувањето во задруги и кооперативи;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.2.5 – Поттикнување на преработувачки капацитети на мали и средни селски стопанства чии сопственици се млади и жени;
- Нема реализирано активности

Мерка 4.2.6 – Поттикнување на заштитата и управување со традиционалните, културните и природните вредности во руралните подрачја;

-Изградба на Дом на култура во село Куклиш-1 фаза;

Мерка 4.2.7 – Зајакнување на капацитетите и вмрежување на ЛАГ-овите
- Нема реализирано активности

Приоритет 4.3 – Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата, подрачјата со значителна депопулација и специфични развојни потреби

Мерка 4.3.1 – Осовременување на сообраќајната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби;

-Доизградба на локален пат до с.Ума;

-Реконструкција на улици во Сушица;

Мерка 4.3.2 – Подобрување на комуналната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби;

Мерка 4.3.3 – Поддршка за обнова и развој на селата;

-Проект „Рурал Старт ап“;

Мерка 4.3.4 – Подготовка на студии за развој на подрачјата со значителна депопулација
- Нема реализирано активности

**Стратешка цел 5 – Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали**

Приоритет 5.1 – Одржливо управување со животната средина и справување со климатските промени;

Мерка 5.1.1 – Воспоставување на регионален систем за мониторинг на емисија на загадувачи и емисија на стакленички гасови;
- Нема реализирано активности

Мерка 5.1.2 – Намалување на загадувањето на воздухот;

Мерка 5.1.3 – Ремедијација на индустриски жешки точки;
- Нема реализирано активности

Мерка 5.1.4 – Ублажување на ефектите од климатските промени со посебен фокус на земјоделството;
- Нема реализирано активности

Мерка 5.1.5 – Намалување на загадувањето на почвата;
- Нема реализирано активности

Мерка 5.1.6 – Зајакнување на капацитетите за одржливо управување со животната средина
-Проект-За почиста Струмица;

Приоритет 5.2 – Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја

Мерка 5.2.1 – Валоризација на заштитени подрачја
- Нема реализирани активности

Мерка 5.2.2 – Рехабилитација на деградирано земјиште на територијата на регионот
- Нема реализирано активности

Мерка 5.2.3 – Заштита на флора,фауна и водните живеалишта
- Нема реализирано активности

Мерка 5.2.4 – Заштита и обновување на шумите
- Нема реализирани активности

Мерка 5.2.5 – Зајакнување на капацитетите за заштита на биодиверзитетот

Приоритет 5.3 – Промовирање на циркуларна и зелена економија

Мерка 5.3.1 – Воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со отпадот
- Поставување на урбана опрема контејнери, и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија;

Мерка 5.3.2 – Подобрување и воведување на услуга за редовно собирање на отпадот во руралните населби
- Нема реализирано активности

Мерка 5.3.3 – Санација и уредување на нестандардни и диви депонии

Мерка 5.3.4 – Селекција, рециклирање и повторна употреба на отпадот
- Нема реализирано активности

Мерка 5.3.5 – Изработка на техничка документација и изведба на системи за производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса)
- Нема реализирано активности

Мерка 5.3.6 – Промовирање на енергетска ефикасност во јавни и приватни објекти
- Нема реализирано активности

Мерка 5.3.7 – Зајакнување на капацитетите на сите чинители за циркуларна економија и отворање на зелени работни места
- Нема реализирано активности

Мерка 5.3.8 – Спроведување на пилот проекти за зелена економија
- Нема реализирано активности

Приоритет 5.4 – Управување и заштита со водните ресурси

Мерка 5.4.1 – Рационално користење на водата за пиење
- Нема реализирано активности

Мерка 5.4.2 – Рационално користење на водата за наводнување
- Нема реализирано активности

Мерка 5.4.3 – Регулација и управување со речни текови
- Нема реализирани активности

Мерка 5.4.4 – Воспоставување на систем на заштита и управување со подземните води
- Нема реализирано активности

Мерка 5.4.5 – Подготовка на техничка документација за водни акумулации
- Нема реализирано активности

По Стратегиски цели бројот на реализирани проекти изгледа вака:

Стратешка цел 1 – вкупно реализирани проекти - 9

Стратешка цел 2 – вкупно реализирани проекти – 29

Стратешка цел 3 – вкупно реализирани проекти - 6

Стратешка цел 4 – вкупно реализирани проекти - 5

Стратешка цел 5 – вкупно реализирани проекти 2

Вкупно реализирани проекти – 51

На крајот на овој дел се наведува вкупната бројка на реализиранипроекти/активности во рамките на секоја стратегиска цел, како и збирната бројка на реализирани проекти/активности по основ на сите стратегиски цели заедно.

Покрај тоа, одделно се наведува и вкупниот број на подготвени проектни апликации од страна на Центарот за развој за извештајната година, како и податокот за бројот на прифатени апликации од вкупно подготвените од Центарот за развој.

## 2. Обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на транспарентноста во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Во однос на официјалниот портал на Центарот за развој треба да се наведе општа оценка за неговата функционалност и за достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на Центарот за развој, Советот за развој и за реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион. Исто така, овој дел треба да ги содржи следниве податоци: колку вкупно нови содржини се поставени на страницата во текот на извештајната година; колку содржини се ажурирани; колкав е бројот на посети на страницата; кои и какви се најчестите барања и коментари на посетителите.

Во овој дел се дава и кус наративен осврт на медиумското покривање на активностите за реализација на Програмата за регионален развој за извештајната година.

Притоа, покрај освртот за активностите и присуството на традиционалните медиуми - локални, регионални и национални радио, ТВ и печатени медиуми, се дава посебен осврт и за покривањето на активностите за реализација на Програмата на социјалните мрежи. Во таа насока, се цени активното присуство и влијание на социјалните мрежи преку користењето на сопствени Facebook, Instagrami Twitter профили на Центарот, како и на сопствен Youtube канал на Центарот.

Центарот за развој на ЈИПР редовно ги информира граѓаните за својата работа, за секоја реализирана активност, состанок, настан од било каков тип, признание, јавен повик, нов проект, извештај, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на регионот. ЦРЈИПР секогаш навремено и транспарентно им овозможува пристап на сите граѓани кон основните информации за услугите што им ги обезбедува.Оваа пракса на ЦРЈИПР овозможува јавноста континуирано да биде информирана за законите и одлуките што ја засегаат, како и поттикнува подобро управување со информациите, подобрување на внатрешниот тек на информациите и зголемена ефикасност институцијата. Сите информации ги објавува на своите интернет страни и социјални медиуми со кои располага. При тоа овие информации се лесно достапни, разбирливи и употребливи.

Функционалноста и достапноста на официјалниот портал на ЦРЈИПР е на високо ниво и доколку 1 би било најниска оценка, а 10 најголема, тогаш официјалниот портал на ЦРЈИПР би се оценил со 8 и тоа може да се увиди според барометарот на веб транспарентност објавен на https://cup.org.mk/publications/Barometar_MK.pdf со самото тоа што веб страницата на ЦРЈИПР ги содржи сите компонентни на транспаретност и индикатори за мерење како генерални информации, услуги, проекти, новости, публикации, јавни набавки, завршни сметки и комуникација контакт каде секој граѓанин може директно да испрати порака. Достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на ЦРЈИПР, Советот за развој и релизацијата на Програмата за развој на ЈИПР би ја оцениле со 10 земајќи го во предвид фактот дека сите активности кои ги спроведува ЦРЈИПР се јавно истакнати на веб страната и ги содржи сите битни детали и податоци, по одржувањето на секоја седница јавно се истакнува дневниот ред за кој членовите на Советот воделе дискусија. Достапноста на

Програмата за развој на регионот, како и инклузивното учество и сесиите за изработка, резултатите и спроведените активности во рамки на Програмата се јавно објавени на официјалната веб страна на ЦРЈИПР.

Во текот на извештајната 2022 година на веб страната на ЦРЈИПР поставени се 67 нови содржини, ажурирани се 134 содржини доколку се земат во предвид и содржините на англиски јазик, бројот на посети на веб страната за 2022 година целокупно доколку се земат во предвид различни содржини изнесува повеќе од 2.000 прегледи и најчести барања и коментари на посетителите се однесуваат воглавно на отворени повици или како да земат учество во одредени активности.

Кога станува збор за значајни настани организирани од страна на ЦРЈИПР за информирање на јавноста, ЦРЈИПР секогаш испраќа покани до медиумите од регионот со цел целосна медиумска покриеност и транспарентно информирање на граѓаните. Речиси 90% од активностите и настаните кои ги спроведува ЦРЈИПР се медиумски покриени и тоа најчесто со присуството на локални и регионални традиционалните медиуми, радио, ТВ и печатени медиуми, како и од репортери кои известуваат за национални телевизии и портали. Медиумската покриеност на активностите за реализација на програмата за регионален развој за извештајната година опфаќа голем број на информирани граѓани не само од регионот, туку и пошироко со тоа што медиумските објави често се споделуваат и на социјалните мрежи преку користењето на сопствени Facebook , Instagram профили и Youtube канал на Центарот. Исто така активното присуство и влијание на социјалните ја анимира и информира јавноста и со самото тоа што голем број на медиумски објави сересподелуваат и од страна на индивидуалци и вработени во ЦРЈИПР и тоа дава додадена вредност во делот на транспарентноста на презентирање на податоците за остварените резултати во реализацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион.

Профили со кои раководи Центар за развој на Југоисточниот плански регион:

- Официјална веб страна на ЦРЈИПР – www.southeast.mk
- Официјален Facebook на ЦРЈИПР - Centar za razvoj na Jugoistocen region
- Официјален Instagram НА ЦРЈИПР – cdsepr
- Официјална веб страна на РБЦ – www.investinseregion.mk
- Официјален Facebook на РБЦ – Регионален Бизнис Центар – Југоисточен регион
- Facebook страна на Регионална Канцеларија за СП – Regional Social Point of the South East planning region
- Официјална веб страна на проект - www.jointactions.eu

Презентираното треба и прецизно да се квантифицира, на начин како што е прикажано во Табеларниот дел на Годишниот извештај во Табеларниот приказ D.

## 3. Обезбедување партиципативност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на партиципативноста, како едно од законски дефинираните начела на политиката на рамномерен регионален развој.

Потребно е да се даде посебен осврт на подготовката, одржувањето и резултатите од работата на регионалните форуми на заедницата. Притоа, треба да се наведе бројот на одржани регионални форуми, вкупниот број на учесници во регионалните форуми, просечниот број на учесници по одржан регионален форум, како и податоците за структурата на учесниците.

Исто така, потребно е да се наведе и процентниот удел на проекти кои се избрани на форуми од вкупниот број на реализирани проекти од страна на Центарот за развој на планскиот регион.

Покрај тоа, за делот на проектите и активностите каде не се реализирани регионални форуми на заедницата треба да се наведе: дали, какви и во колку случаисе применети некои други алатки или механизми на партиципативност.

Во 2022 година беа одржани два циклуса Форуми на заедницата по Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година и Грантова шема и Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, во месец Март 2022 година, ги започна подготовките за одржување на првиот циклус на Регионални форуми во заедницата како алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на предлог проекти за добивање на финансиска поддршка од Програмата за рамномерен регионален развој на Бирото за регионален развој (БРР) и Министерството за локална самоуправа на РСМ (МЛС) како и по програмата за грантова шема финансирана од страна на Швајцарската Агенција за соработка и развој.

Од страна на модераторот и ЦРЈИПР беше изготвена листа со потенцијални учесници кои можат да дадат придонес во одредувањето на приоритетите на регионот, а потоа на сите учесници кои го потврдија своето присуство им беше испратена покана во која беше објаснет целокупниот форумски процес и неговите цели и резултати. Беше потенцирано дека треба да се врши избор на приоритетни области и подобласти од Програмата за развој на ЈИПР и да се идентификуваат проблемите во регионот за кои надворешен експерт ќе изготви соодветни концепт решенија, а Советот за развој на ЈИПР ќе даде оценка и насоки за нивно подобрување или евентуално елиминирање како неприоритетни и неизведливи.

На денот на одржувањето на првата сесија таа беше поделена на два дела на кој во првиот дел Модераторот ја презентираше прво програмата за утврдување проблеми и давање предлог решенија во рамки на грантовата шема. Ко-модераторот ги презентираше приоритетните стратешки области и комплементарни подобласти од програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2022-2026 година и беа формирани 7 работни маси кои дискутираа и предлагаа решавање на проблеми на регионално ниво.

На вториот дел од сесијата посветен на Програмата на МЛС/БРР за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, модераторот го појасни процесот и критериумите за избор и потребат да се развијат минимум три концепт решенија кои ќе се презентираат пред Советот на Југоисточниот плански регион, а потоа на втората форумска сесија се утврува листа на предлог проекти кои се пополнуваат во апликација што се поднесува до Бирото за регионален развој. По дефинирањето на проблемите за двете програми кои беа презентирани и дискутирани, беа предложени подобрувања и преточување на истите во предлог

концептни решенија со помош на надворешен експерт.

На оваа форумска сесија учествуваа вкупно 74 учесници од кои 41 мажи, 33 жени, 15 млади и 3 од ранливи категории.

Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 73 и 1 припадник на турската националност.

Работата меѓу сесии се одвиваше така што беа превземени интензивни активности за подготовка и реализација на поставената цел и планираните активности за развој на концептите од страна на надворешниот експерт, Г-н Тихомир Петрески и вработените во ЦРЈИПР.

На 21.04.2022 год. се одржа и втората сесија каде Експертот ги презентираше предлог концептите од Грантовата шема и Програмата на БРР/МЛС при што детално беа презентирани целите, предвидените активности, бенефитот и буџетот на секој од концептите при што учесниците имаа можност да гласаат за предлог концептите по двете програми, а така концепираните Листи беа доставени до Комисијата за одлучување и Советот за развој на ЈИПР.

На оваа форумска сесија учествуваа вкупно 54 учесници од кои 31 мажи, 23 жени, 10 млади и 1 од ранливи категории.

Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 53 и 1 припадник на турската националност.

На осмата Седница на Совет за развој на ЈИПР одржана на ден 28.04.2022 година беше усвоена Листа на регионални предлог проекти за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

Од одржаните форумски сесии и апликациите кои беа доставени до БРР и Швајцарската Агенцијата за развој и соработка беа потпишани Договори за 2 проекти по Програмата за БРР и еден проект кој беше одобрен од  Швајцарската Агенцијата за развој и соработка.

Во Ноември 2022 се одржа вториот циклус на Форумите на зедницата по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година на БРР. Модераторот објасни дека врз основа на овие пет области на овој форум ќе треба да се одберат две кои се од приоритетно значење и истите ќе бидат работни теми на форумот. Се формираа 7 работни маси кои дискутираа за проблемите во регионот и предлаага решенија за истите.

На оваа сесија присуствуваа вкупно 55 учесници од кои 35 мажи, 20 жени, 16 млади и 1 претставник на ранлива категорија.

Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 54 и еден припадник на турска националност.

Втората форумска сесија од овој циклус започна со презентирање на предлог концептите кои произлегоа од првата сесија, а надворешниот експерт го презентира секој концепт во рамки на Програмата, разработен меѓу сесиите со цел да се утврдат одредени прашања, дали ги исполнува критериумите и условите и од какво регионално значење би бил проектот, на кој начин ќе се имплементира и каква би била неговата одржливост, со цел предлог концептот да биде издржан, остварлив соодветно критериумите и да се најде на листата приоритетни проекти.

Беа предложени 5 предлог концепти, а учесниците гласаа за секој од нив поединечно со што по завршувањето на гласањето беше изготвена Листа на предлог проекти која се достави до Советот за развој на ЈИПР, а беше усвоена на четиринаесеттата Седница одржана на ден 28.12.2022 година.

На оваа сесија присуствуваа вкупно 49 учесници од кои 28 мажи, 21 жени, 18 млади.

Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 48 и еден припадник на турска националност.

По завршувањето на овие форумски сесии апликаците ќе се изготват во 2023 година.

Центарот за развој како иницијаторот не само на форумските сесии, туку и организатор на многу настани, состаноци, работилници, саеми, кога смета дека е потребно, организира и директни средби со граѓаните за да ја објасни одблиску целта на овие настани, како и придобивките за граѓаните од учеството на истите. Досегашната пракса на спроведување на форумите покажува дека овие средби носат значајни резултати. Се организираат со различни категории на луѓе од различни сфери на општественото живеење кои можат да анимираат значаен придонес за успешност на овие средби. На овие средби Центарот ја објаснува потребата од форумот, но и користа што секој поединец/ група би ја имал од учеството на истиот.

## 4. Обезбедување социјална инклузивност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и остварените резултати во делот на социјалната инклузијаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Од Јуни, 2021 година Центарот за развој на Југоисточниот плански регион делува и како Регионална канцеларија за социјално претприемништво во Југоисточниот плански регион која нуди квалитетна техничка поддршка, како и професионална поддршка за развој на потенцијални социјални претпријатија, со цел да се овозможи вработување на ранливи категории на лица. Преку целата година во духот на социјалното претприемништво, инспириравме различни засеганти страни да направат позитивни социјални промени во сопствените локални заедници, а како Регионална Канцеларија за социјално претприемништво воспоставуваме и поддршка на социјалните претпријатија од Југоисточниот плански регион да се поврзат со јавните институции во креирањето на нивните политики.

Во изминатава година мапиравме околу 30 потенцијални социјални претприемачи од регионот, организиравме преку 20 отворени денови, најмалку 2 информативни сесии со средните училишта, вклучувајќи стручни училишта, како и младински невладини организации и клубови, споделивме безброј информации и совети за прашања поврзани со социјалното претприемништво, спроведовме повеќе од 10 обуки за заинтересираните страни, воспоставивме цврсти партнерства помеѓу социјални претпријатија и бизнис секторот и организиравме на 2 регионални саеми за промоција на потенцијалните социјални претпријатија од Југоисточниот регион;

2022 година за Центарот за развој на ЈИПР беше година во која се спроведоа голем број на активности поврзани со делот на социјалната инклузивност, а при

подготовката на проектните апликации се внимаваше да биде опфатена и оваа компонента. Меѓу другите активности работевме на тоа социјалните претприемачи да бидат навремено информирани за конкретната финансиска и техничка поддршка што може да ја искористат.

Се одржаа голем број на состаноци со различни категории на граѓани, претприемачи, образовни институции, заштитни друштва, невладини организации на кои беше презентирана работата на Центарот во делот на социјалното претприемништво, а беа сослушани и нивните потреби, проблеми како и понудените решенија за нивно решавање.

На 27.10.2022 година во Струмица се одржа Вториот Регионален саем на социјални претпријатија од Југоисточниот плански регион каде околу дваесет потенцијални социјални претпријатија и невладини организации од Југоистониот плански регион имаа свои изложбени штандови. Посетителите имаа можност да уживаат и да се запознаат со социјалната мисија, претприемачките идеи, нивните потенцијали како и можноста за идна меѓусебна соработка.

Од месец декември 2021 година формиран е и активно работи Советот за социјална заштита на Југоисточниот плански регион каде членови се градоначалниците на сите десет општини на Југоисточниот плански регион и директорите на сите Центри за социјална работа во регионот, а Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има улога на административно тело. Во 2022 година беше одржана втората седница на овој Совет на кој беше избран нов претседател на Советот, градоначалникот на општина Василево, Г-н Славе Андонов кој изрази спремност да одговори на предизвиците со кои ќе се соочи при извршувањето на оваа задача.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на социјална инклузија при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| **ред. Број** | **проект / активност** | **компонента на социјална инклузивност** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на пат од село Дамјан до село Погулево во должина од 1927,81 метри | Овој пат ќе го користат стари лица од изолирани рурални подрачја, деца од изолирани рурални подрачја кои секојдневно ќе ги завршат своите обврски | - Број на стари лица од изолирани рурални подрачја кои ќе го користат патот<br><br>- Број на стари лица од изолирани рурални подрачја кои ќе го користат патот |
| **2.** | Изградба на локален пат на релација Колешино-Бориево (трета фаза) | Изградениот пат во Колешино (трета фаза) ќе го користат стари лица од изолирани рурални подрачја, лица кои секојдневно патуваат до своите земјоделски посеви, деца од | - Број на стари лица од изолирани рурални подрачја кои ќе го користат патот<br><br>- Број на стари лица од изолирани рурални подрачја кои ќе го користат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | изолирани подрачја како и лица- припадници на верски заедници и религиозни групи | патот<br><br>- Број на припадници на верски заедници и религиозни групи кои ќе го користат патот |
| **3**. | Изградба на пристапен пат до пречистителна станица и влез на регионален стационар за бездомни кучиња | Со имплементацијата на овој проект ќе се овозможува изградба на пристапен пат во должина од 561 метри до регионалното прифатилиште за бездомни животни во општина Струмица и ќе се овозможи негово непречено функционирање. Ефикасноста на службите ќе се зголеми и тие непречено ќе ја извршуваат својата работа т.е. ќе пристапат кон заловување на бездомните животни и нивно сместување во регионалниот стационар, по што ќе пристапат кон нивно третирање согласно законските прописи.<br><br>Исто така во склоп на паркинг просторот што ќе се уреди на самиот влез на регионалниот стационар од вкупно 7 паркинг места, едно паркинг место ќе биде наменето за лица со посебни потреби | - Зголемена фрекфенција на стари лица и деца до 14 години на јавните површини и на настани<br><br>- Изградено 1 паркинг место за лица со посебни потреби |
| **4.** | Подобрување на туристичка понуда во ЈИПР:<br><br>- Изградба на дел од пат до с.Хума Општина Гевгелија<br><br>- Уредување на туристичка патека од Манастир Св. Ѓорѓи до Исар Кула, Општина Валандово<br><br>- Адаптација на конак и партерно уредување на Манастир Св. Спас, | Проектот „Збогатување на туристичка понуда во ЈИПР“, исполнува повеќе критериуми на социјална инклузивност, бидејќи опфаќа повеќе видови на групи и тоа: деца со попреченост, возрасни лица со попреченост,стари лица, лица припадници на заедниците, бездомни лица | - Број на лица со посебни потреби кои ќе ги посетат туристичките локалитети реализирани со овој проект<br><br>- Изградено 1 паркинг место за лица со посебни потреби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Конче<br><br>- Проширување на велосипедска патека во општина Дојран | | |
| **5.** | Изработка на урбанистички планови за с.Борисово, с.Мокрино, с.Старо Коњарево во општина Ново Село; с.Босилово, с.Моноспитово, с.Дрвош и с.Бориево во општина Босилово; с.Милетково, с.Моин и с.Давидово во општина Гевгелија; с.Нов Дојран во општина Дојран; с.Дедино, с.Лубница и с.Габревци во општина Конче; с.Дамјан, с.Ињево и с.Подареш во општина Радовиш; с.Владевци, с.Ангелци – с.Градашорци во општина Василево; с.Дабиље и с.Добрејци во општина Струмица | Проектот се однесува за повеќе населени места во регионот каде живеат граѓани од сите социјални групи | - Број на лица од социјално загрозените групи на граѓани кои живеат во населените места за кои се изработуваат урбаниситчките планови |
| **6.** | Поддршка во социјално претприемништво | Самиот проект содржи социјално инклузивна компонента со тоа што целта на Социјалната регионална канцеларија за социјално претприемништвое да поддржи долгорочно и одржливо вработување и деловни можности за ранливите и маргинализирани групи и да обезбеди опсег на услуги како што се трансфер на знаење, градење капацитети, образование и обука, бизнис тренинзи, организација на настани, споделување канцелариски простор или опрема. Регионалната канцеларија ќе ги идентификува потребите, ќе развива и промовира нови услуги и ќе понуди дополнителна поддршка за воспоставување на еко-систем за развој на социјалните претпријатија | - Мапирани преку 40 потенцијални социјални претпријатија и граѓански организации кои работат во поле на социјала и сакаат да се развиваат во социјално претприемништво;<br><br>–Организирани преку 20 отворени денови со средните училишта, вклучувајќи стручни училишта, како и младински невладини организации и клубови;<br><br>-Спроведени повеќе од 10 обуки за заинтересираните страни;<br><br>-Воспоставени цврсти партнерства помеѓу социјални претпријатија и бизнис секторот;<br><br>-Организирани 2 регионални саеми за промоција на потенцијалните социјални претпријатија од Југоисточниот регион; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи -eFIDAR | Социјалната инклузивност се мери со тоа што ќе се набават две возила за шумски пожари кои ќе бидат наменети и за урбани и за рурални средини од регионот со цел да се зголеми и десиминира заедничка култура на отпорност на ризик кај сите граѓани подеднакво, вклучувајќи ги тука и маргинализираните лица и лицата од рурални подрачја за заштита од пожари.Обезбедување на различни активности за едукација и промоција на проектот. | -Социјалната инклузивност се мери со тоа што на настаните ќе присуствуваат и граѓани со ограничени можности и граѓани од рурални порачја<br><br>-Распишан тендер за 2 противпожарни возила кои ќе им служат на повеќе од 1000 граѓани од различни категории за заштита од шумски пожари. |
| **8.** | Подобрување на постојната инфраструктура во рурални средини во ЈИПР, заради подобар пристап до земјоделски површини во Струмица, Богданци | Преку уредување на неколку полски патишта кои водат до плодно земјоделско земјиште во населените места во регионот ќе се овозможи на жените земјоделки од руралните подрачја полесно да ги завршуваат секојдневните обврски | - Број на жени од руралните подрачја кои ќе ги користат полските патишта |
| **9.** | Прекугранична соработка во спречување на шумски пожари | Информативна кампања, активности за едукација и промоција на проектот за населението од Југоисточниот регион за превенција и заштита од шумските пожари,која еднакво се однесува за граѓани од ранливи категории, граѓани од различна етничка, верска или национална припадност, граѓани од сите старосни групи, маргинализирани групи на луѓе и сл. | -Информираност за заштита на населението од шумски пожари и препораки за заштита и превенција од шумски пожари спроведена на 148 387 жители на Југоисточниот планскиот регион |
| **10.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | Со овој проект при изработка на Програмата за рамномерен регионален развој 2021 – 2026 година, како и за време на форумските сесии за проекти преку БРР беше застапено | На првиот циклус на првата форумска сесија учествуваа вкупно 74 лица од кои:41 мажи, 33 жени, 15 млади и 3 припадници на ранливи категории. На втората форумска сесија учествуваа вкупно 54 лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | партиципативно учество на сите засегнати страни вклучувајќи и ранливи категории.<br><br>Во рамки на активностите за поддршка при подготовка на проектни апликации согласно повиците на ФИТР, Бизнис Центарот ги информираше сите МСП кои би можеле да аплицираат на повиците, прати покана на мејл до МПС користејќи ја базата на податоци на Бизнис центарот и беше логистичка поддршка на тимот на ФИТР со тоа што ги поврза сите заеинтересирани фирми кои сакаа да аплицират за менторска поддршка со експертот и одговараше на сите прашања. | од кои:31 мажи, 23 жени, 10 млади и 1 припадник на ранливи категории.<br><br>На вториот циклус на првата форумска сесија учествуваа вкупно 55 лица од кои:35 мажи, 20 жени, 16 млади и 1 припадник на ранливи категории. На втората форумска сесија учествуваа вкупно 49 лица од кои:28 мажи, 21 жени, 18 млади.<br><br>На одржаните Инфо сесии за ФИТР за три повици беа присутни на првата Инфо сесија вкупно 34 учесници, менторска подршка добија 13 фирми, аплицираа 9, а грантови добија 3 апликанти.<br>На втората Инфо сесија имаше вкупно 17 учесници, менторска подршка добија 9 фирми, аплицираа 95 а грантови не доби ниту еден апликант.<br>На третата Инфо сесија имаше вкупно 25 учесници, менторска подршка добија 7 фирми, аплицираа 3, а грантови не доби ниту еден апликант. |
| **11.** | Деловен еко-систем како интегриран систем –BE IN | Во голем дел од активностите беа вклучени компании кои продажбата им беше ставена под ризик поради пандемските услови во државата, независни работници (фриленсери) и акадамскиот сектор кои исто така се соочија со доста предизвици со цел да одговорат на новите потреби на пазарот на трудот, подготвеност за задржување на човечките ресурси, и одржување на финансиската стабилност. Социјалната компонента е застапена со самото активно вклучување на таргет групите во имплементација на активностите на овој проект – МСП погодени | 156 испитаници вклучени во истражувањето (потенцијални и сегашни претприемачи)<br>50 компании вклучени во длабинско интервју каде се гледа јасна слика за претприемачките способности и капацитети за спротиставување и прилагодивање во кризни ситуации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од пандемската криза, независните работници, НВО и академскиот сектор. | |
| **12.** | Енергетски ефикасен регион | Целта на социјалното вклучување е сеопфатно подобрување на условите за живот на поединците, да им се понудат истите можности за образование, вработување и економија што ги ужива остатокот од општеството. Со овој проект ќе се овозможи сите категории на население во сите три општини да добијат можност за подобрување на својот живот со тоа што средствата кои ќе бидат заштедени со поставувањето на фотоволтаичните системи ќе придонесат за вложување на овие средства во нови услуги кои ќе послужат за подобрување на условите за живот во општините. | - Број на деца со посебни потреби од ООУ „Крсте Петков Мисирков“ од о.Радовиш кои ќе ги користат резултатите од проектот<br><br>- Број на стари лица, стари лица од рурални подрачја, деца од изолирани рурални подрачја, лица припадници на заедниците, на верски и религиозни групи кои ќе имаат корист од проектот |
| **13.** | Туризмот – иднината на регионот!<br><br>- Изградба на спортско рекреативна трим патека во должина од 1050 м  и поставување на урбана опрема, о. Босилово;<br><br>- Партерно уредување на излетнички места кај Мокрински извори и Колешински водопади,, о. Ново Село;<br><br>- Одбележување, порамнување и проширување на велосипедска патека на Фронтовата линија во Дојран како и поставување на урбана опрема;<br><br>- Подобрување на туристичката инфраструктура со одбележување на | Преку активности во повеќе општини во регионот проектот ќе овозможи полесен пристап на лицата со посебни потреби  до туристичките локалитети. | - Изградба на патека до ресторанот Кај Виктор, о. Босилово, аутизам френдли ресторан кој нуди можност на деца со аутизам и нивните родители да престојуваат тука и да ги користат реквизитите кои се поставени во објектот.<br><br>- Изградба на нова патека до Мокринските извори наменета за лица со посебни потреби. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | патека за пешачење и велосипедизам, како и поставување на урбана опрема во населеното место Пирава, о. Валандово;<br><br>- Изградба на улица во с.Радичево, о. Василево во должина од 327 м;<br><br>- Изградбата на локален пат – обиколница во должина од 905,66 м, кој ќе ги поврзува сите патни правци со планината Плачковица во општина Радовиш. | | |
| **14.** | Културното богатство - наследство за идните генерации<br><br>- Реконструкција на Дом на културата во с. Моин, општина Гевгелија<br><br>- Реконструкција на Дом на културата во с. Лубница, општина Конче<br><br>- Адаптација на Дом на културата во Радовиш, општина Радовиш. | Во однос на социјалната компонента во проектот, акцентот е ставен на старите лица од трите општини, партнери во проектот при што дел од нив се стари лица од изолирани рурални подрачја и на децата до 14 годишна возраст каде исто така дел од нив се деца од изолирани рурални подрачја. | - 50 стари лица и 40 деца од изолирани рурални подрачја во с. Моин , О. Гевгелија<br><br>- 45 стари лица и 80 деца од изолирани рурални подрачја во с. Лубница , О. Конче<br><br>- 4038 стари лица и 4882 деца во О. Радовиш |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 5. Обезбедување родова еднаквост во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и за остварените резултати во делот на родовата еднаквоство реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион, со посебен осврт на родовото одговорно буџетирање.

| |
|---|
| Уште при изработката на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година беше остварена соработка со назначениот експерт за нашиот регион. Од страна на експертот имавме максимална поддршка така што соработката се одвиваше непречено добивајќи ги сите потребни информации и насоки во полето на родовото одговорно буџетирање. Сите предложени мерки за унапредување на родовата еднаквост се успешно интегрирани во финалната верзија од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година како и во Акциониот план за |

имплементација на Програмата за 2021/2022 година.

При имплементацијата на проектните активности за секој проект, се води сметка за еднаква застапеност на двата пола.

За остварените резултати во делот на родовата еднаквост сведочат голем број на обуки, работилници, семинари, саеми и друг вид на настани кои ги имаме спроведено каде секогаш подеднакво се води сметка да бидат застапени двата пола. Индикатор за тоа се листите за присутност од кој збирните податоци покажуваат дека во минатата година во просек од вкупниот број на учесници, 53 % од учесниците биле мажи, а 47 % биле жени.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на родова еднаквост при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. Број | проект / активност | компонента на родова еднаквост | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на пат село Дамјан до село Погулево во должина од 1927.81 метри | Според податоци дадени од страна на општина Радовиш во село Дамјан и село Погулево живеат постари лица на мажи и жени | 50 стари лица (вклучувајќи и жени и мажи) |
| 2. | Изградба на локален пат на релација Колешино-Бориево (трета фаза) | Според податоци од Заводот за статистика на РСМ 24.252 жител од општина Босилово и општина Ново Село | 12.453 мажи и 11.799 жени од Општините Ново село и Босилово ќе имаат директна корист од патот |
| 3. | Изградба на пристапен пат до пречистителна станица и влез на регионален стационар за бездомни кучиња | Изградбата на патот ќе овозможи стационарот да може да отпочне со работа каде што ќе сеземе во предвид да има родова застапеност кај вработените во стационарот и подеднакво да бидат застапени и мажите и жените. Воедно патот ќе биде од корист подеднакво за сите посетители на стационарот без разлика на пол, вера и националност | Број на вработени жени и мажи во стационарот, број на мажи и жени кои ќе го користат изградениот пат |
| 4. | Подобрување на туристичка понуда во ЈИПР:<br><br>- Изградба на дел од пат до с.Хума Општина Гевгелија<br><br>- Уредување на туристичка патека од Манастир Св. Ѓорѓи до Исар | Според јавно достапни туристички податоци, корисници каде ќе се изведуваат инфраструктурните активности се вкупно 80.298 жители | 40.882 жители од населените места ќе имаат директен бенефит од проектите од кои 23.924 се жени, а 16.958 се мажи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кула, Општина Валандово<br><br>- Адаптација на конак и партерно уредување на Манастир Св. Спас, Општина Конче<br>- Проширување на велосипедска патека во општина Дојран | | |
| **5.** | Изработка на урбанистички планови за с.Борисово, с.Мокрино, с.Старо Коњарево во општина Ново Село; с.Босилово, с.Моноспитово, с.Дрвош и с.Бориево во општина Босилово; с.Милетково, с.Моин и с.Давидово во општина Гевгелија; с.Нов Дојран во општина Дојран; с.Дедино, с.Лубница и с.Габревци во општина Конче; с.Дамјан, с.Ињево и с.Подареш во општина Радовиш; с.Владевци, с.Ангелци – с.Градашорци во општина Василево; с.Дабиље и с.Добрејци во општина Струмица | Подготвената урбанистичка документација за општините Босилово, Ново Село, Гевгелија,Дојран, Струмица, Василево, Конче и Радовиш подеднакво ќе служи за потребите на сите граѓани без разлика на пол | 152.314 жители на населените местаопштините Босилово, Ново Село, Гевгелија, Дојран, Струмица, Василево, Конче и Радовиш ќе имаат директна корист од проектот од кои 76.766 се мажи, а 75.548 се жени |
| **6.** | Поддршка во социјално претприемништво | Родовата еднаквост како компонента во проектот е изразена преку учество на подеднаква застапеност на мажи и жени во активностите кои се реализираат во рамки на овој проект. Повеќето потенцијални социјални претприемачи од регионот се жени кои изработуваат рачни изработки или некаков друг вид на продукти и тие се оние кои со својот креативен дух ги пласираат прозиводите на пазарот, додека пак мажите како потенцијални социјални претприемачи имаат понатпреварувачки дух при развој на | Од вкупно 40 мапирани социјални потенцијални претпримачи и здруженија кои работат во поле на социјала 22 се предводени од жени или во секоја од нив има застапено жени во раководни сектори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | социјалното претпиемништво и тука се согледува балансот на родовата еднаквост | |
| **7.** | Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи - eFIDAR | Родовата еднаквост како компонента во проектот е изразена преку учество на подеднаква застапеност на мажи и жени во активностите и настаните кои се реализираат во рамки на овој проект | 50% од проектниот тим вклучени во проектните активности се жени |
| **8.** | Подобрување на постојната инфраструктура во рурални средини во ЈИПР, заради подобар пристап до земјоделски површини во Струмица, Богданци | Патот ќе овозможи полесен пристап на земјоделските производители од 4 општини и тоа на вкупно 99.335 жители од 4 те општини | 49.663 мажи и 49.672 жени |
| **9.** | Прекугранична соработка во спречување на шумски пожари | Родовата еднаквост во проектот како компонента е изразена со подеднакво партиципирање на мажите и жените во активностите и настаните кои се организираат во рамки на овој проект | - 57 учесници во креирање на партнерската мрежа, од кои 11 жени и 46 мажи<br>- 213 учесници во спроведување на специјализирани обуки, од кои 191 мажи и 22 жени -<br>100% од проектниот тим го сочинуваат жени |
| **10.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | Сите активности кои беа преземени од Страна на Бизнис Центарот беа со застапена родова еднаквост, тука би ја истакнале и менторската поддршка која ја нудеше Бизнис Центарот за повиците од ФИТР каде посебен акцент се даваше на компаниите со женски управители. | На првиот циклус на првата форумска сесија учествуваа вкупно 74 лица од кои:41 мажи, 33 жени, 15 млади и 3 припадници на ранливи категории. На втората форумска сесија учествуваа вкупно 54 лица од кои:31 мажи, 23 жени, 10 млади и 1 припадник на ранливи категории.<br><br>На вториот циклус на првата форумска сесија учествуваа вкупно 55 лица од кои:35 мажи, 20 жени, 16 млади и 1 припадник на ранливи категории. На втората форумска сесија учествуваа вкупно 49 лица од кои:28 мажи, 21 жени, 18 млади.<br><br>ФИТР вкупно 9 апликанти од кои 3 жени и 9 мажи. ФИТР вкупно 5 апликанти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | од кои 3 жени и 2 мажи. ФИТР вкупно 3 апликанти од кои 3 мажи. |
| **11.** | Деловен еко-систем како интегриран систем –BE IN | Родовата еднаквост при имплементацијата на проектот е запазена, | Вкупно 116 жени или 45% и 143 мажи или 55% биле учесници на настаните во проектот |
| **12.** | Енергетски ефикасен регион | Овој проект води кон позитивен придонес за еднакви можности, недискриминација и еднаквост помеѓу мажите и жените. Фотоволтаиците ќе бидат достапни за сите заинтересирани страни и не претставуваат ограничување за нивно користење. Сите заинтересирани лица без разлика на припадност, пол, возраст, професија и категорија на граѓани можат бесплатно да ги користат информациите кои произлегуваат од фотонапонските централи. | Во време на предложувањето на идејата како и за време на развојот на предлог-концептот беше запазена родовата еднаквост, на регионалните форумски сесии присутнибеа 55 жени и 66 мажи. Во тимот кој работи на развојот на проектот учествуваат подеднакво и мажи и жени. Бенефитите од реализацијата на проектот ќе ги уживаат подеднакво и мажите и жените. |
| **13.** | Туризмот – иднината на регионот!<br><br>- Изградба на спортско рекреативна трим патека во должина од 1050 м и поставување на урбана опрема, о. Босилово;<br><br>- Партерно уредување на излетнички места кај Мокрински извори и Колешински водопади,, о. Ново Село;<br><br>- Одбележување, порамнување и проширување на велосипедска патека на Фронтовата линија во Дојран како и поставување на урбана опрема; | Со цел поддршка и развој на различни видови на туризам во регионот и тоа рурален, езерски, културен, планински и верски туризам, проектот опфаќа поставување на урбана опрема и инфраструктурни активности во шест општини во Југоисточниот регион и тоа: Босилово, Валандово, Василево, Дојран, Ново Село и Радовиш. Истите ќе бидат достапни за користење на сите жители од регионот, мажи и жени. | 74.405 мажи и 73.982 жени во Југоисточниот регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Подобрување на туристичката инфраструктура со одбележување на патека за пешачење и велосипедизам, како и поставување на урбана опрема во населеното место Пирава, о. Валандово;<br><br>- Изградба на улица во с.Радичево, о. Василево во должина од 327 м;<br><br>- Изградбата на локален пат – обиколница во должина од 905,66 м, кој ќе ги поврзува сите патни правци со планината Плачковица во општина Радовиш. | | |
| **14.** | Културното богатство - наследство за идните генерации<br><br>- Реконструкција на Дом на културата во с. Моин, општина Гевгелија<br><br>- Реконструкција на Дом на културата во с. Лубница, општина Конче<br><br>- Адаптација на Дом на културата во Радовиш, општина Радовиш. | Реконструираните домови во трите општини во Југоисточниот регион ќе бидат од корист на сите жители мажи и жени, од населените места с. Моин, општина Гевгелија, с. Лубница, о. Конче и Радовиш | - 175 мажи, а 142 жени во с. Моин<br>- 160 мажи, а 121 жени во с. Лубница<br>- 12.137 мажи , а 11.985 жени во Општина Радовиш |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 6. Придонес кон заштитата на животната средина во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот иза остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната срединаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Животната средина во Југоисточниот плански регион е во релативно добра состојба и на регионот му дава силен предзнак за еколошки чист предел. Непостоењето на големи загадувачи во регионот овозможуваат разнообразноста на природните ресурси да бидат се уште на генерално добро ниво. Природното наследство во регионот е бројно и разновидно. Регионот е богат со шуми и подземни води, реки, природно езеро и одреден број на вештачки акумулации. Дел од подземните води се познати како води со голем капацитет на геотермална енергија. Во регионот постојат повеќе заштитени подрачја - поединечни споменици на природата и природни резервати. Како најзначајни од аспект на посебноста на биодиверзитетот се одвојуваат Моноспитовското блато како единственото преостанато мочуриште во државата и Дојранското езеро кое е заштитено со Законот за езера. Кон нив треба да се придодадат и водопадите во Смолари и Колешино, и др. За заштитата на природното наследство и биодиверзитетот во регионот е неопходно постоење силна политичка визија на централната власт и локалните власти во регионот, интегрирани напори во дефинирање на развојно-заштитни мерки и иницијативи, соодветни финансиски средства и човечки ресурси кои имаат капацитет да ги спроведат ваквите мерки и иницијативи во конкретни проекти.

Центарот за развој при подготовката на апликаците од Програмата за рамномерен регионален развој на БРР дава посебен акцент на заштитата на животната средина, со што во секоја апликација е задолжително да се наведе на кој начин ќе се заштити животната средина, а при импленентација на самиот проект се внимава проектните активности да немаат негативно влијание врз животната средина и да придонесат кон нејзино зачувување.

Во проектот „Туризмот - иднината на регионот“ со кој меѓу другото беше предвидено и поставување на урбана опрема како што се канти за отпадоци на повеќе туристички локации со цел зачувување на чиста и здрава околина ќе се овозможи отпадот да биде соберен и да се добие изглед на уреден и чист простор. При изведување на трим патеката освен поставувањето на канти за отпадоци, особено се внимаваше на заштита на речното корито на реката Струмица во општина Босилово со што како дополнителна документација беше извадена и посебна Дозвола од Министерството за животна средина.

Исто така во проектот „Енергетски ефикасен регион“ со поставување на фотонапонски централи во о.Радовиш ќе се намали потрошувачката на електрична енергија во регионот, а во исто време ќе ја заштитува и животната средина. Со поставување на изолацијата, ќе се подобри топлинската и звучната изолација, ќе се зголеми отпорноста на пожари, објектот ќе се заштити од влага и сето тоа ќе придонесе за поголем степен на квалитет на живеење. Поставувањето на фотонапонски централи исто така ќе придонесе кон искористување на сонцето како бесплатен и неисцрпен извор на енергија, намалување на експлоатацијата на необновливите енергетски ресурси, воедно ќе придонесе и кон заштита на животната средина и кон намалување на емисијата на јаглеродендиоксид и други стакленички гасови во регионот, а со тоа и кон реализација на националната и европска стратегија - Европа 2030.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната срединапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| **ред. Број** | **проект / активност** | **компонента на заштита и унапредување на животната средина** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на пат село Дамјан до село Погулево во должина од 1927.81 метри | Со изградбата на локалниот патен правец, не се очекува загадување врз сите сегменти од животната средина, флората и фауната | Извештај за запазување на мерките за заштита на животната средина |
| **2.** | Изградба на локален пат на релација Колешино-Бориево (трета фаза) | При изградбата на локалниот патен правец Бориево-Колешино изведувачот е должен да го почитува Законот за животна средина и Законот за градење, при што не се очекуваат негативни влијанија врз околината, загадување на воздухот, водата и почвата, врз флората и фауната, како и врз културното и историското наследство. Не се очекуваат ниту геолошки пореметувања | Извештај за запазување на мерките за заштита на животната средина |
| **3.** | Изградба на пристапен пат до пречистителна станица и влез на регионален стационар за бездомни кучиња | Со изведбата на проектот не се очекуваат негативни влијанија врз околината, загадување на воздухот, водата и почвата, врз флората и фауната, како и врз културното и историското наследство. Не се очекуваат ниту геолошки пореметувања.<br><br>Исто така со згрижувањето на бездомните животни ќе се овозможи истите да не ги валкаат јавните површини, да не претураат по остатоците од храна во ѓубрето, што ќе се овозможи почиста и поздрава околина за шетање и дружење | Намален % на отпад на јавните површини |
| **4.** | Подобрување на туристичка понуда во ЈИПР:<br><br>- Изградба на дел од пат до с.Хума Општина Гевгелија<br><br>- Уредување на туристичка патека од Манастир Св. Ѓорѓи до Исар Кула, Општина Валандово | Со изведбата на проектот не се очекуваат негативни влијанија врз околината, загадување на воздухот, почвата, туку напротив со негово уредување се очекуваат позитивни влијанија | Извештај за запазување на мерките за заштита на животната средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Адаптација на конак и партерно уредување на Манастир Св. Спас, Општина Конче<br><br>- Проширување на велосипедска патека во општина Дојран | | |
| **5.** | Изработка на урбанистички планови за с.Борисово, с.Мокрино, с.Старо Коњарево во општина Ново Село; с.Босилово, с.Моноспитово, с.Дрвош и с.Бориево во општина Босилово; с.Милетково, с.Моин и с.Давидово во општина Гевгелија; с.Нов Дојран во општина Дојран; с.Дедино, с.Лубница и с.Габревци во општина Конче; с.Дамјан, с.Ињево и с.Подареш во општина Радовиш; с.Владевци, с.Ангелци – с.Градашорци во општина Василево; с.Дабиље и с.Добрејци во општина Струмица | Овој проект ќе влијае позитивно врз животната средина со тоа што преку подготвената урбанистичка документација ќе се спречат дивоградбите и ќе се заштити животната средина | Намален број на диви градби во регионот |
| **6.** | Поддршка во социјално претприемништво | Заштитата кон животната средина преку реализација на овој проект може да се согледа преку призмата на тоа што дел од проектите или активностите кои ги спроведуваат потенцијалните социјални претприемачи, дел од нив размислуваат за зелени идеи и дел од нив употребуваат биоразградливи матријали, еко пелети, органско производство, рециклирачки матријали и слично | Од вкупно 40 мапирани социјални потенцијални претпримачи и здруженија кои работат во поле на социјала, повеќе од 30 употребуваат материјали и производство кое не наштетува на животната средина |
| **7.** | Рано откривање на | Приоритетна оска на проектот е заштита на животна средина и | Набавка на 2 возила за заштита од шумски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи - eFIDAR | компонентата е изразена во самотот тоа што проектот ќе придонесе за ублажување и управување со ефектите по пожарот што резултираат со ширење на пожарот, преку обезбедување точни информации за дисперзија на чад од шумски пожари | пожари, една мала пумпа за спасување и едно возило за прва помош од пожар (пик-ап 4x4 со инсталација на противпожарна опрема) за заштитување на животната средина |
| **8.** | Подобрување на постојната инфраструктура во рурални средини во ЈИПР, заради подобар пристап до земјоделски површини во Струмица, Богданци | Проектот ќе влијае позитивно врз животната средина бидејќи ќе се расчисти ѓубрето околу земјоделските патишта. | Количина на собрано ѓубре |
| **9.** | Прекугранична соработка во спречување на шумски пожари - 3F | Приоритетна оска на проектот е животна средина. Набавката на лична заштитна опрема и другата дополнителна опрема за гаснење пожари ќепридонесе кон побрза и поголема ефективност на пожарниkарите при гаснење на пожари, а со тоа и заштита на животната средина, особено на шумите во регионот од опожарување. | - Опремени 112 пожарникари од 10 општини со комплетна лична заштитна опрема<br>- Набавени 20 грбни пумпи за гасење на шумски пожари, 5 водени пумпи, 5 моторни пили и 5 пожарникарски црева со должина од по 200 метри<br>- Едуцирани 30 пожарникари од регионот за справување и гаснење на шумски пожари. |
| **10.** | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза | Организираните настани не предизвикаа никакви негативни влијанија врз животната средина | / |
| **11.** | Деловен еко-систем како интегриран систем –BE IN | Организираните активности не предизвикаа никакви негативни влијанија врз животната средина | / |
| **12.** | Енергетски ефикасен регион | Во однос на животната средина проектот има за цел да обезбеди повисока свест за чување на човековата околина, намалување на загадувањето и подобрување на инфраструктурата во насока на еколошки подобни и компатибилни процеси кои во својата суштина за вбројуваат екологијата како примарен фактор за подобро утре. | Поставени соларни панели за производство на електрична енергија на 2 јавни објекти во о. радовиш со цел зачувување на природата и животната средина. |
| **13.** | Туризмот – иднината на регионот!<br><br>- Изградба на спортско | Со имплементацијата на проектот се внимава да не биде загадена околината на местата каде ќе се одвиваат активностите. Од причини што чистата животна средина е | Мерки за заштита на животната средина во 6 општини во Југоисточниот регион и тоа: Валандово, Дојран, Босилово, Василево, Радовиш и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | рекреативна трим патека во должина од 1050 м  и поставување на урбана опрема, о. Босилово;<br><br>- Партерно уредување на излетнички места кај Мокрински извори и Колешински водопади,, о. Ново Село;<br><br> - Одбележување, порамнување и проширување на велосипедска патека на Фронтовата линија во Дојран како и поставување на урбана опрема;<br><br>- Подобрување на туристичката инфраструктура со одбележување на патека за пешачење и велосипедизам, како и поставување на урбана опрема во населеното место Пирава, о. Валандово;<br><br>- Изградба на улица во с.Радичево, о. Василево во должина од 327 м;<br><br>- Изградбата на локален пат – обиколница во должина од 905,66 м, кој ќе ги поврзува сите патни правци со планината Плачковица во општина Радовиш. | значајна и за развој на туризмот со посебно внимание се пристапува кон почитување на сите прописи. Чистата животна средина значи и привлекување на поголем број на туристи, па затоа особено се внимава да не биде нарушен биодиверзитетот во регионот. | Ново Село. |
| **14.** | Културното богатство - наследство за идните генерации | Со проектот се очекува да се постигне зачувување на животната средина преку хортикултурно уредување и расчистување на просторот околу домот на културата во с. Лубница и во | Мерки за заштита на животната средина во 2 објекти и тоа во домот на културата во с. Лубница и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Реконструкција на Дом на културата во с. Моин, општина Гевгелија<br><br>- Реконструкција на Дом на културата во с. Лубница, општина Конче<br><br>- Адаптација на Дом на културата во Радовиш, општина Радовиш. | с. Моин. | во с. Моин. |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 7. Придонес кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на дигитализацијата во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Една од придобивките на дигитализацијата е зголемување на транспарентноста на институцијата. Целта на дигитализацијата е поефикасни институции кои ќе бидат вистински сервис и во служба на граѓаните, како и поголема транспарентност која ќе придонесе да се врати довербата во институциите.

Управувањето со проекти во Центарот за развој на ЈИПР е основна цел со тоа што се внимава дигиталната компонента да биде застапена во целокупниот процес на имплементацијата на проекти од подготвување на апликација до целосна реализација на проектите. Исто така самите апликации се поднесуваат преку посебни системи за различни програми во зависност од повикот по кој се аплицира. Исто така и мониторингот, контролата и затварањето на проектите се одвива преку овие системи.

Во рамките на проектот „Одржлив рамномерен регионален развој“ - II фаза се отиде еден чекор понапред со тоа што самата проектна канцеларија постави ДМС (дата менаџмент систем) на кој сите 8 Центри ја прикачуваат целосната документација, па на тој начин во секое време е достапен секој документ кој се изработува во врска со активностите, а тука спаѓа и поднесувањето и на извештаи, така што целокупната коренсподенција е дигитална.

Исто така целокупната комуникација на сите вработени со општините, министерствата, партнерите и други институции, и сите останати соработници оди преку Интернет, веб-страница, мобилни телефони. Јавните набавки се спроведуваат во електронска форма, на кој начин се обезбедува транспарентност на сите јавни набавки. Сите плаќања и финансиски обврски на Центарот се плаќаат електронски. На социјалните мрежи се објавуваат сите настани, сите јавни информации, целокупниот процес низ кој

минуваат сите проекти од нивно започнување до нивното завршување, се објавуваат сите стратешки документи и се водат дата бази на податоци.

Сите нови проекти, надградби на постоечките и сите дополнителни активности на Центарот се во насока да се задоволи дигиталната компонента доколку тоа е возможно. Во тековната 2022 година може да се заклучи дека преку имплементација на проекти Центарот покажа значително зголемување на активности кои се насочени кон дигитализација.

Поддршка во областа на дигитализацијата и оваа година беше предвидена од страна на проектот **„Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – 2 фаза“.** На ден 07.03.2022 година, беше одржана работилница на тема Паметна специјализација и истата имаше за цел да ги обедини: локалните власти, академската заедница, бизнис секторот и граѓанското општество и да ги прошири нивните знаења во делот на Паметната специјализација, како пристап за зголемување на конкурентноста, да ги запознае со процесот на изработка на Стратегија за паметна специјализација на национално ниво и како и на кој начин истата да ја реплицираат на регионално ниво.

Во рамките на проектот „**Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи – eFIDAR“** предвидени се активности кои вклучуваат развој и оперативна евалуација на ИКТ системи за рано откривање пожари, прекугранична мрежа на соработка за ефикасно спречување и управување со природни катастрофи, систем за откривање чад во реално време, кој ќе понуди зголемена точност за локализација на пожарот, минимизирање на лажни аларми и следење на големи површини во 24/ 7 операција на избрани области со висок ризик.

Во рамки на проектот „**Бизнис еко систем како интегриран систем – БИ ИН“** беше набавена опрема (3Д принтери, 3Д скенер, 4 во 1 принтер и десктоп компјутер) за автоматско креирање на прототипи, модели и готови производи во 3Д формат. 6 отворени денови беа организирани за време на кои претставници од академскиот сектор, бизнис сектор, НВО од Југоисточниот регион се запознаа со начинот на работа на 3D принтерите, материјалите кои се користат, техничките спецификации, програмите кои се користат, но имаа и можност заедно со презентерите да дизајнираат и испринтаат макети, со цел да се запознаат како функционира 3D принтањето и времетраењето на еден ваков процес. Присутните ги разменија своите познавања и искуство за таков тип на принтање и неговото значење како во образовниот процес така и во индустријата.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на дигитализацијапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| **ред. Број** | **проект / активност** | **компонента на дигитализација** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на пат село Дамјан до село Погулево во должина од 1927.81 метри | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот | |
| **2.** | Изградба на локален пат на релација Колешино-Бориево (трета фаза) | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |
| **3.** | Изградба на пристапен пат до пречистителна станица и влез на регионален стационар за бездомни кучиња | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |
| **4.** | Подобрување на туристичка понуда во ЈИПР<br><br>- Изградба на дел од пат до с.Хума Општина Гевгелија<br><br>- Уредување на туристичка патека од Манастир Св. Ѓорѓи до Исар Кула, Општина Валандово<br><br>- Адаптација на конак и партерно уредување на Манастир Св. Спас, Општина Конче<br><br>- Проширување на велосипедска патека во општина | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Дојран | | |
| **5.** | Изработка на урбанистички планови за с.Борисово, с.Мокрино, с.Старо Коњарево во општина Ново Село; с.Босилово, с.Моноспитово, с.Дрвош и с.Бориево во општина Босилово; с.Милетково, с.Моин и с.Давидово во општина Гевгелија; с.Нов Дојран во општина Дојран; с.Дедино, с.Лубница и с.Габревци во општина Конче; с.Дамјан, с.Ињево и с.Подареш во општина Радовиш; с.Владевци, с.Ангелци – с.Градашорци во општина Василево; с.Дабиље и с.Добрејци во општина Струмица | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. Изработените урбанистички планови се во дигитална форма и како такви се предаваат на општините за понатамошно користење | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |
| **6.** | Поддршка во социјално претприемништво | Комуникацијата со сите засегнати страни се одвива со помош на електронски дигитални алатки за комуникација | -Подготвена датабаза со 42 социјални потенцијални претприемачи од ЈИПР |
| **7.** | Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи | Дигиталната компонента на проектот изразена преку развој и имплементација на ИКТ системи за ефикасно рано откривање на шумски пожари, со зголемена прецизност, намалување ниски стапки на лажни аларми и способност за 24/7 работа ќе го покаже потенцијалот на ваквата иновативна технологија која ќе придонесе кон рано предупредување за ризик од катастрофи од шумски пожари | -Имплементација на алатки за WUI системот – Компјутерска обука за користење на системот за шумски пожари |
| **8.** | Подобрување на постојната инфраструктура во рурални средини | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во ЈИПР, заради подобар пристап до земјоделски површини во Струмица, Богданци | може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот | |
| **9** | Прекугранична соработка во спречување на шумски пожари | Комуникација со сите засегнати страни со помош на електронски дигитални алатки за комуникација | - Подготвена листа на 64 учесници со податоци за електронска комуникација<br>- Подготвена електронска евалуација за оценка на работилница и пратена до 64 учесници<br>- Подготвени 3 евалуации и збирни извештаи од пополенти евалуации од 213 учесници на трите специјализирани обуки<br>- Подготвена табела со информативни податоци за учесници на завршна конференција |
| **10.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | Дел од состаноците и инфо сесисиите се одвиваа со користење на онлајн платформи | Одржани 3 онлајн состаноци за подготовка на Инфо сесите на ФИТР, 4 онлајн состаноци и 1 со физичко присуство за активностите на Бизнис Центарот, 1 онлајн состанок за форумски сесии и 1 онлајн состанок за Грантовата шема |
| **11.** | Деловен еко-систем како интегриран систем – BE IN | Една од целите на проектот е воведување на дититализација во процесот на креирање на модели, прототипови, макети и готови производи во 3Д формат | Набавени<br>2 3Д принтери, 1 3Д скенер, Десктоп компјутер и 4 во 1 принтер |
| **12.** | Енергетски ефикасен регион | Во рамки на проектот ќе биде развиен и софтверски дигитален систем кој ќе овозможи навремен и директен увид во тековната состојба. Софтверот ќе генерира периодични извештаи до општините и ќе ја мери произведената и потрошената струја во реално време врз основа на кои би се креирале понатаму политиките на локално ниво во делот на заштита на животната средина и енергетската ефикасност | Изработен дигитален софтвер |
| **13.** | Туризмот – иднината на регионот!<br><br>- Изградба на | За време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување | - Набавени 20 електрични велосипеди со развиен дигитален софтвер |

| | | | |
|---|---|---|---|
